РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr. 12-1215/5
17-06-2024 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 6-та седница, продолжение одржано на 12.06.2024 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Постапката по предметот број 12-5695/1 од 08.06.2022 година, оформен по доставена пријава против повеќе поименично наведени службени лица и против Комисијата за прием на вработени по објавениот оглас од страна на ООУ „----------“ од ----------, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување по предметот, од причина што за предметниот случај веќе постапиле други надлежни органи.

Предметот со број 12-5695/1 од 08.06.2022 година да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на познат подносител, на ден 08.06.2022 година, поднесена е пријава против повеќе поименично наведени службени лица и тоа: -------- --------, Основен јавен обвинител во Основното јавно обвинителство --------, Директорот на ООУ „----------“ од ----------, --------- ---------- и против Комисијата за прием на вработени по објавениот оглас од страна на ООУ „----------“ од ----------. По пријавата е оформен е предмет број 12-5695/1 од 08.06.2022 година.

Во пријавата е наведено дека од страна на Директорот на ООУ „----------“ од ---------- бил објавен јавен оглас со број ---------- од јули 2021 година со цел пополнување на слободни работни места за наставен кадар како и за пополнување на работното место Психолог во наведеното училиште.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

По ова, подносителот на пријавата се пријавил на огласот за работното место Психолог, а по спроведената постапка за вработување, бил вработен друг кандидат. Незадоволен од донесената одлука за вработување подносителот имал поднесено кривична пријава против ООУ „----------“ од ----------, како и против одговорното лице на училиштето, директорот на ООУ „----------“ од ----------, заради сомневање за извршени кривични дела „Злоупотреба на службената положба и овластување“ и за „Несовесно работење во службата“.
Подносителот наведува дека на ден 20.04.2022 година од страна на Основното јавно обвинителство ---------- добил писмено известување – Решение број КО бр. ---------- со кое бил информиран дека поднесената привична пријава била отфрлена, поради што се сомнева дека Основниот јавен обвинител ------ ---------- при одлучувањето не го земал во предвид потребниот услов кој требало да биде исполнет од страна на кандидатите за вработување, наведен во објавениот јавен оглас за вработување, односно условот познавање на турски јазик, поради што ја доставил пријавата до ДКСК заради понатамошно надлежно постапување.

Заради проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барање за прибирање информации до Министерството за образование и наука со цел обезбедување на информација за тоа дали било постапено во врска со наводите од пријавата, а од причина што подносителот во пријавата има наведено дека се обратил до истото. Од истата причина ДКСК достави Барање до Државниот просветен инспекторат со цел обезбедување на информации за тоа дали истите преземале надлежни активности во врска со доставената пријава.

Во доставениот одговор од страна на Министерството за образование и наука наведено е дека од причина што предметните прашања се во надлежност на Државниот просветен инспекторат, со писмен допис на ден 02.04.2024 година барањетого доставил до Државниот просветен инспекторат заради натамошно надлежно постапување.
Државниот просветен инспекторат достави одговор во кој е наведено дека по доставена претставка од страна на истиот подносител како подносителот на пријавата до Државната комисија за спречување на корупцијата, бил извршен вонреден инспекциски надзор во ООУ „----------“ од ---------- на ден 26.11.2021 година, по што бил изготвен Записник со број ------ од 29.11.2021 година. Во Записникот е наведено дека биле констатирани повреди на член 3 став 1 точка 4 и член 39 став 1 точка 3 и став 4 од Законот за наставниците

и стручните соработници во основните и средните училишта („Сл. Весник на Република Македонија“ број 161/2019) по што инспекторатот издал Решение со опомена за отстранување на наведената повреда, заведено со број ------ од 29.11.2021 година.
Државниот просветен инспекторат на ден 09.12.2021 година извршил контролен инспекциски надзор во истото училиште по што констатирал дека директорот на училиштето постапил по Решението со опомена и ги отстранил наведените пропусти од Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта, а по што постапката била запрена.

Во однос на наводите за сомневање при постапувањето на основниот јавен обвинител, видно од документацијата доставена во прилог на пријавата, констатирано е дека за случајот постапил друг надлежен орган кој е надлежен да постапува од областа – надлежно Вишо јавно обвинителство и не констатирало пропусти во работењето на пријавениот обвинител.

Од горенаведеното, ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување по предметот, за предметниот случај веќе постапиле други надлежни органи и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Татјана Димитровска**

Изготвил:К.З, раководител
Одобрил: м-р Б.К.Ш, Член на ДКСК

Доставено до:
- подносителот на пријавата